Врз основа на член 9 став (5) од Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 85/21), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ВО ГРАНТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за претворање на финансиска поддршка за исплата на плати во грант.

## Член 2

Барањето за претворање на финансиска поддршка за исплата на плати во грант се поднесува на образец „Б-ПФПГ" отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 20-8896/1
22 декември 2021 година
Скопје

Министер за финансии
dr. Fatmir Besimi